# ПРАВИЛНИК

за работа на комисијата за заштита на рибниот фонд

Комисијата за заштита се формира согласно член 78 и 80 од Законот за рибарство и аквакултура (Сл. Весник на РСМ бр.64/24), како и член 9, став 2, алинеа 7, 8, 17 и 27, како и член 43 став 4 од Статутот на МРФ и ги има правата и обврските кои се дефинирани со Законот за рибарство и аквакултура, Статутот на МРФ и овој Правилник.

## I. Општи одредби

**Член 1**

Основни задачи на комисијата се:

- да осмислува, организира и практично да пружа стручна помош на концесионерите – членки на МРФ, при заштитата на рибите од риболовните ревири и рекреативните зони;
- да врши контрола на риболовните ревири и риболовни води кои не се дадени под концесија;
- да врши контрола на спроведувањето на одредбите од Статутот и одлуките на УО на МРФ од страна на концесионерите (членки на МРФ) на риболовните ревири и риболовните води;
- да врши едукација на контролорите и рибочувари со положен испит за рибочувар преку организација на состаноци, предавања, обуки и слично;
- да иницира и организира акции во координација со МВР и ДИЗ на водите кои се без концесија во Македонија, посебно за време на мрест на одредени видови на риби, согласно член 78 и 80 од Законот за рибарство и аквакултура.

**Член 2**

Комисијата за заштита на рибниот фонд ја формира Управниот одбор (во понатамошен текст УО) на Македонска Риболовна Федерација (во понатамошен текст МРФ).

Комисијата е составена од 7 (седум) члена, а претседателот на комисијата го назначува УО на МРФ. При формирањето на комисијата и изборот на членови ќе се внимава да се застапени членови од повеќе региони на Македонија, со цел да се има подобар увид во состојбите со водите низ државата.

**Член 3**

Мандатот на членовите на комисијата трае до завршувањето на мандатот на УО на МРФ. По потреба и по барање на претседателот на комисијата УО на МРФ може да изврши измена и надополнување на составот на истата.

**Член 4**

Финансирањето на контролите ќе се врши преку буџетот на МРФ. За финансирање на активностите на комисијата кои важат исклучиво при контрола, се предвидуваат средства во висина од 40% од вкупната сума добиена од секоја издадена легитимација за рекреативен риболов.

**Член 5**

Комисијата за заштита своите задачи и практични активности на терен ги врши преку тело составено од контролори за контрола и заштита на рибниот фонд, вработени лица со положен рибочуварски испит, кои треба да поседуваат легитимација за идентификација.

Рибочуварите во комисијата ги назначува УО со донесување на Одлука, а на предлог на членовите на УО, претседателот и генералниот секретар на МРФ и претседателот на Комисијата за заштита.

Бројот на членовите на контролата е варијабилен и не е ограничен.

Контролорот ги извршува поставените задачи согласно правата одредени со овој правилник.

**Член 6**

Контролори на Комисијата за помош при заштита при МРФ се бираат од:

- Овластените рибочувари на концесионерите – членки на МРФ

**Член 7**

За извршување на своите задачи Комисијата организира повремена или постојана контрола и заштита на риболовни ревири и риболовни зони кои не се дадени под концесија .

Во акциите за контрола и заштита може да учествуваат:

- овластените контролори на МРФ кои имаат овластување за рибочувар;
- овластените рибочувари на концесионерите на риболовните ревири и рекреативни зони;
- лица вработени во МВР
- инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство
- трети лица кои присуствуваат како поддршка на акциите (возачи, членови на УО на МРФ) кои немаат овластување директно да вршат контрола и заштита

Контролорите за секоја извршена контрола составуваат Записник, а доколку при контролата се одземат риболовни средства, истите се должни да издадат Потврда за привремено одземени средства. Форматот на Записникот и Потврдата ги пропишува УО на МРФ.

**Член 8**

Секоја контрола претседателот на комисијата ја организира самостојно и според сопственото согледување за потребата од нејзино извршување, со претходна согласност од претседателот или генералниот секретар на МРФ.

**Член 9**

Пред секоја контрола се дефинира целта на контролата која се извршува а може да биде:

- контрола за откривање на криволов;
- контрола за спречување на криволов;

За секоја контрола одделно, претседателот на комисијата ги одредува учесниците во контролата.

**Член 10**

Комисијата се состанува по потреба и води записници за одржаните состаноци.

## II. Задачи и обврски

**Член 11**

По секоја извршена контрола Комисијата доставува извештај и финансов преглед за потрошените средства до УО на МРФ најдоцна во рок од 10 (десет) дена по спроведената контрола.

**Член 12**

Комисијата изготвува годишен извештај за спроведените контроли и ги доставува до УО на МРФ најдоцна до 30-ти декември за тековната година.

Подготвува годишен предлог план со финансиска конструкција и ја доставува до УО на МРФ на усвојување најдоцна до 30-ти ноември во тековната за следната година.

**Член 13**

Комисијата подготвува програма за спроведување на семинари и курсеви за стручно доспособување на членовите кои ќе ги спроведуваат риболовните контроли.

**Член 14**

Комисијата за заштита има право да врши заштита на цела територија на РМ и на сите риболовни подрачја кои не се доделени на користење.

Пред изведувањето на акциите, Комисијата за заштита има право да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и МВР за своите планови и начинот на изведување на контролата.

**Член 15**

Комисијата со помош на УО на МРФ ќе настојува да се формира мешовита комисија со МВР и ДИЗ, која би се состанувала квартално и би се договарале заеднички контроли за заштита на водите.

## III. Права и обврски на овластениот контролор

**Член 16**

Контролорот времено ќе го одземе уловот, риболовните средства и приборот, доколку констатира прекршување на Законот за рибарство и аквакултура и риболовна основа.

При вршењето на контролата, контролорот е должен да се идентификува со легитимација за контролор, која ја пропишува и издава МРФ.

Контролорот може времено да одземе риболовен прибор и без присуство на претставник од МВР или претставник од Државниот инспекторат за земјоделство во согласност со одредбите од Законот за рибарство и аквакултура.

Контролорот за времено одземените средства и прибор е должен да издаде (напише) Потврда за привремено одземени предмети.

Контролорот е обврзан да изготви записник и извештај за констатираната неправилност, да прибере докази (документ, фотографија, изјава и сл.) и истите да ги достави до Комисијата за заштита и УО на МРФ.

**Член 17**

Привремено одзелениот улов, риболовни средства и опрема по спроведените акции контролорот со прекршочна пријава ги доставува до Државниот инспекторат за земјоделство во рок од 5 (пет) дена за понатамошна постапка пред надлежен суд, односно прекршочна комисија.

**Член 18**

Овој правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

УО на МРФ
Претседател